



ПРИКАЗНИ ЗА МАЛАТА ПРИНЦЕЗА САРА





31.12.2013

I

ПРИНЦОТ- РАК

Си бил еден рибар кој никогаш не успевал да улови доволно риби за да ги продаде и со парите да си купи пченкарно брашно за да го нахрани своето семејство. Еден ден, додека рибарот ги извлекувал надвор мрежите, почувствувал голема тежина која не можел да ја крене. И така влечел и влечел кога во мрежата видел еден рак, толку голем што на рибарот не му биле доволни двете очите за да може целиот да го види.

-Ох,ох! Ама добар улов денеска! Ќе можам на моите дечиња да им купам брашно за пченкарник. Се вратил дома со ракот на грб и ѝ рекол на жена му да ја стави тавата на оган зашто ќе се врател со брашно, потоа се упатил во кралската палата за да го продаде ракот.

- Ваше Височество, - му рекол на кралот, дојдов да видам дали ќе се смилувате да го купите раков, жена ми стави тава на оган, но немам пари да купам брашно. Кралот одговорил: - А, што да правам јас со ракот? Зарем не можеш на некој друг да му го продадеш? Токму во тој момент влегла кралската ќерка и рекла: - Колку убав рак! Колку убав рак! Татенце, купи ми го, купи ми го, те молам! Ќе го ставиме во рибникот заедно со другите риби! Кралската ќерка многу ги сакала рибите и со часови седела покрај рибникот гледајќи ги морските риби кефали и слатководните амури како пливаат. На кралот очите му биле само во ќерката и сѐ ќе сторел само за да ѝ ја исполни желбата на ќерка си.

Рибарот го спуштил ракот во рибникот и за него добил едно торбуле со златници кои биле сосема доволни за да им купува брашно на децата дури цел месец.

Принцезата не престанувала да го гледа ракот и никогаш не се оддалечувала од рибникот. Научила сѐ за него, за неговите навики, и забележала дека секој ден од пладне па сѐ до три часот попладне исчезнувал и никако не можела да открие каде одел. Еден ден, додека кралската ќерка, како вообичаено, седела покрај рибникот да го набљудува нејзиниот рак, слушнала како некој тропа на портата. Излегла на прозорец и видела еден сиромашен питач. Му фрлила торбуле со златници но скитникот не успеал да го дофати и торбулето паднало во една длабока дупка со вода. Скитникот се спуштил во дупката за да ги бара златниците и се нурнал под вода. Дупката била поврзана со кралскиот



рибник преку подземен канал за кој не се знаело каде води. Пливајќи така под вода, скитникот се нашол среде една убава фонтана која се наоѓала во средината на една огромна подземна сала, затскриена со завеса, а во салата имало поставена маса. Скитникот излегол од фонтаната и се скрил зад завесата. Точно на пладне, од фонтаната излегла една самовила која седела на грбот на ракот и двајцата скокнале во салата. Самовилата го допрела ракот со нејзиното волшебно стапче и од оклопот на ракот излегло едно убаво момче. Момчето седнало на маса, самовилата повторно замавнала со стапчето и во чиниите се појавиле секакви јадења а во чашите вино. Откако момчето се најало и напило, се вратило во оклопот од ракот. Самовилата го допрела со стапчето и ракот ја седнал на грбот, влегол во фонтаната и исчезнал со неа во водата. Тогаш скитникот излегол од зад завесите и се фрлил во вода и така, пливајќи под вода, допливал до кралскиот рибник. Таму била кралската ќерка која ги гледала нејзините риби, забележала како од водата се појавува главата на скитникот и рекла: - Ох, од каде вие тука? – Молчете, господарке! – ѝ рекол скитникот, имам да ви раскажам една чудесна работа. Излегол од водата и сѐ ѝ раскажал.

- Сега ми е јасно каде оди ракот секој ден од пладне до три часот – рекла кралската ќерка. Добро, тогаш, утре на пладне ќе одиме заедно да го следиме! Така, наредниот ден, пливајќи низ подземниот канал, стигнале до салата и двајцата се скриле зад завесата. И повторно, точно на пладне, еве ја самовилата како излегува од водата, качена на грбот од ракот. Самовилата тропнала со волшебното стапче и од оклопот од ракот излегло убавото момче и отишло да јаде. На принцезата, која многу го сакала ракот, веднаш ѝ се допаднало убавото момче и се вљубила во него. Гледајќи го празниот оклоп од ракот, се скрила внатре, без никој да ја забележи. Кога се вратило момчето во оклопот, ја нашло внатре убавата девојка и извикало: - Знаеш ли што стори? Ако те види самовилата и двајцата ќе умреме! – Но, јас сакам да те ослободам од магијата! – му рекла многу тивко на момчето. Подучи ме што да сторам за да успеам во тоа! – Тоа е невозможно, - рекло момчето – за да бидам ослободен треба некоја девојка толку да ме сака што и животот би го дала за мене. Принцезата одговорила: - Јас сум таа девојка!

И додека двајцата разговарале во оклопот на ракот, самовилата седнала на грбот од ракот а момчето, како вообичаено, ја носел низ подземни канали кон отвореното море, без притоа таа да се посомнева дека внатре со него е скриена кралската ќерка. Откако ја оставил самовилата и се враќал пливајќи кон рибникот, принцот – бидејќи тој бил вистински принц – ѝ објаснувал на неговата сакана што треба да направи за да го ослободи. – Треба да одиш на еден гребен на морскиот брег и да почнеш да свириш и да пееш. Самовилата обожува музика така што ќе излезе од морето да те слуша и ќе ти рече: - Свири, убава девојко, многу ми се допаѓа твоето свирење. А ти ќе одговориш: - Секако дека ќе свирам



доволно ќе биде да ми го дадете цветот во вашата коса. – И кога ќе го имаш цветот в рака, тогаш јас ќе бидам ослободен од магијата, бидејќи тој цвет е мојот живот. Во меѓувреме ракот допливал до рибникот и ја пуштил кралската ќерка да излезе од оклопот на ракот.

Скитникот, во меѓувреме, сам испливал и, не наоѓајќи ја принцезата си помислил дека се нашол во убава каша, но, девојката, токму во тој момент испливала од рибникот, му се заблагодарила на скитникот и богато го наградила. Потоа отишла кај татко ѝ и му рекла дека сака да научи да свири и да пее. Кралот, кој во сѐ ѝ удоволувал, испратил луѓе да му ги донесат најдобрите музичари и пеачи во кралството за да ја научат ќерка му да свири и да пее. Откако научила, принцезата му рекла на кралот: - Татко, сакам да одам да свирам виолина на еден гребен, близу морскиот брег.

-Да свириш на гребен покрај морскиот брег? Да не ти се поматил умот, ќерко? Но, и овој пат, како и вообичаено, не можел а да не ѝ ја исполни желбата, така што испратил со неа осум придружнички облечени во бело. За да биде сигурен дека не ѝ се заканува никаква опасност, испратил и вооружена гарда која ја следела од подалеку.

Седната на еден гребен со осумте придружнички облечени во бело, кои седеле на осум гребени околу неа, кралската ќерка почнала да свири на виолина. Одеднаш меѓу брановите се појавила Самовилата која ѝ рекла: - Свири, свири, многу ми се допаѓа твоето свирење!

Кралската ќерка ѝ одговорила: - Секако дека ќе свирам, доволно е, за возврат, да ми го подарите цветот што го имате во косата, зашо јас пак обожувам цвеќиња.

-Ќе ви го дадам ако сте способна да отидете да го земете од таму каде што ќе го фрлам!

- Ќе одам по него! – и почнала да свири и да пее. И кога завршила, рекла: - А, сега, дајте ми го цветот! – Еве го, - рекла Самовилата и го фрлила колку што можела подалеку во морето. Принцезата го видела како лебди меѓу брановите, се фрлила во водата и почнала да плива. – Господарке, господарке! – Помош! Помош! – почнале да викаат осумте придружнички застанати на гребените, со белите велови кои се лелееле на ветерот. Но, принцезата пливала, пливала, исчезнувала меѓу брановите и повторно се враќала на површината и кога кај неа почнал да се раѓа сомнеж дека ќе успее да го дофати цветот еден бран ѝ го донел точно во раката. Токму во тој момент слушнала глас под неа, кој велел: - Повторно ме врати во живот и сакам да ми бидеш невеста! Сега не се плаши, јас сум под тебе и ќе те пренесам до брегот. Но, сѐ уште никому не му кажувај за



ова, дури ни на татко ти! Јас ќе одам да ги известам моите родители и ќе се вратам за 24 часа да ја побарам твојата рака.

-Да, да! Разбрав! – му одговорила девојката бидејќи речиси останала без здив, додека ракот, пливајќи под вода, ја носел дома. Така, кога принцезата се вратила дома на татка си му рекла само дека многу убаво се забавувала и ништо повеќе не му кажала.

Другиот ден, во три часот попладне, се слушнало тропање на барабани, свирење на труби и топот на коњи. Главниот дворјанин се претставил и му рекол на кралот дека синот на неговиот крал бара да биде примен. Принцот свечено ја побарал раката на принцезата и сè му раскажал на кралот. На кралот не му паднало мило зашто не бил во тек со сè што се случувало, па ја викнал ќерка му која веднаш дотрчала и се фрлила во прегратка на принцот, велејќи: - Ова е мојот сакан, ова е мојот сопруг. Кралот сфатил дека ништо не може да направи против нејзината желба освен што побрзо да направи свадба.



II

ВОЛШЕБНИОТ ПРСТЕН

Еден ден, едно сиромашно момче ѝ рекло на мајка си: - Мајко, јас ќе одам во светот, да си ја барам среќата. Овде, во селово, сите ме сметаат за недоветен така што никогаш нема да можам во ништо да успеам. Сакам да си одам одовде, и да си ја барам среќата а, тогаш, и за тебе, мајко, ќе дојат посреќни денови. Така рекол и заминал. Стигнал во еден град и додека талкал по улиците забележал една старичка како се качува по една стрма патека, силно задишана од тежината на двете големи кофи полни со вода, кои ги носела на грбот, обесени на еден стап. Се доближил до неа и ѝ рекол: - Дајте ми ги кофите јас да ги носам, вие не можете толкав товар да носите! Ги зел кофите, ја допратил старицата до нејзината куќичка, се качил по скалите и ги оставил кофите во кујната. Кујната била полна со кучиња и мачки кои се туркале околу старичката, умилкувајќи се и предејќи. – Како можам да ти се заблагодарам? Рекла старичката. – Еее, голема работа, јас тоа го направив само за да ви помогнам! – Почекај малку, рекла старичката. Излегла од собата, потоа се вратила со еден прстен и му рекла: - Да знаеш дека ова е волшебен прстен, секогаш кога ќе го завртиш, ќе заповедаш што сакаш и желбата ќе ти биде исполнета! Глдај само да не го загубиш оти тоа може да биде погубно за тебе! А, за да бидам посигурна дека нема да го загубиш, ќе ти подарам едно од моите мачиња и едно од моите кучиња кои насекаде ќе те следат. Тоа се добри и паметни животни и ако не денес, утре ќе ти се најдат. Момчето многу ѝ се заблагодарило и си заминало, не обрнувајќи многу внимание на зборовите од старичката зашто ниту еден збор не му се чинел верен. – Бабини деветини! – си рекол во себе и дури не ни помислил да го заврти прстенот, барем колку за да провери. Излегол од градот а кучето и мачето сѐ пред него и зад него оделе. Тој многу сакал животни и бил задоволен што ги има покрај себе, играл со нив и ги терал да трчаат и скокаат. Така, трчајќи и скокајќи, завлегол во една шума. Се стемнило и морал да побара засолниште под некое дрво. Кучето и мачето легнале до него но него сон не го фаќал од што толку бил гладен. Тогаш се сетил на прстенот што го имал ставенона прстот и си рекол: - Ако се обидам, ништо нема да загубам! Го завртел прстенот и рекол: - Заповедам јадење и пиење! Уште зборовите не ги беше дорекол кога пред него се појавила маса со секакви јадења и пијалоци и со три столици. Си седнал и си врзал салветка околу вратот, на другите столици ги седнал кучето и мачето, и нив им врзал салветки околу вратот и почнале сите тројца да с енасладуваат со јадењето. Сега веќе



почнал да му верува на прстенот. Откако се најал, се пружил на земја и почнал да размислува за тоа колку убави работи сега ќе може да стори. Му останувало само да се мисли околу изборот. Еднаш посакувал купишта злато и сребро, потоа му се гледало поубаво да има кочии и коњи, потоа имоти и замоци, и сè така, едната желба ја заменувала другата па од многу мислење си помислил дека умот ќе му се помати. – Е, вака може навистина да спобудалам!- си рекол најпосле кога веќе немал сила да замислува желби – толку пати сум слушал дека луѓето си го губат разумот кога ќе се збогатат, јас пак сакам да си го зачувам умот. Значи, за денеска, доста е, утре ќе мислам на тоа! И длабоко си заспал. Кучето се беше склупчило покрај неговите нозе а мачето над главата, и двајцата бдеејќи над него.

Кога се разбудил, сончевите блескави зраци веќе продирале низ зелените врвови на дрвјата, дувало тивко ветерче, птичките пееле а нему му исчезнал целиот замор.

Си помислил да му заповеда на прстенот еден коњ но шумата била толку убава што повеќе сакал да оди пешки. Потоа си помислил да заповеда да му се појави јадење но имало толку вкусни шумски јагоди под грмушките што тие му биле сосема доволни. Потоа помислил да заповеда да му се појават пијалоци, но забележал едно изворче со толку бистра вода што повеќе сакал да се напие вода од дланка. И така, одејќи низ ливади и по полиња, стигнал до еден голем дворец. На еден прозорец била потпрена една убава девојка која, гледајќи го како се приближува веселото момче во придружба на куче и маче, му се насмевнала. Тој го кренал погледот кон неа и, ако успеал прстенот да го сочува, срцето сигурно не можел. – Е, сега е вистинскиот час да го иксористам прстенот! Го завртел прстенот и рекол: - Заповедам наспроти дворецов да се појави уште поубав дворец со è што е потребно внатре. И додека да трепне, дворецот изникнал пред него, поголем и поубав од другиот а тој се нашол внатре како отсекогаш да живеел таму, кучето било во својата куќичка а мачето си ги лижело шепите покрај огнот. Момчето отишло до прозорецот, го отворило и се нашло токму наспроти прозорецот на убавата девојка. Си размениле насмевки и воздишки и момчето почувствувало дека е време да оди да ја побара за жена. Таа била задоволна, нејзините родители исто така и по неколку дена направиле свадба.

Уште првата ноќ која ја минувале со бакнежи, прегратки и милувања, девојката наеднаш запрашала: - Кажи ми, те молам, како изникна твојов дворец, така преку ноќ? Тој се двоумел дали да ѝ каже дали да не ѝ кажува, па си помислил: -Та нели ми е жена, пред неа не треба да има никакви тајни! Така ѝ ја раскажал случката со прстенот, по што двајцата задоволни си заспале. Но, додека тој спиел, невестата полека полека му го извадила прстенот од прстот, потоа станала и им рекла на слугите: - Брзо, излегувајте од оваа палата и да се вратиме дома кај моите родители. Кога се вратила дома, го свртела прстенот



рекла: - Заповедам палатата од мојот маж да се најде на највисокиот и најстрмиот врв од онаа планина таму! И палатата исчезнала како никогаш да не постоела. Таа погледнала кон планината и ја видела палатата како виси на највисокиот врв. Утредента, кога момчето се разбудило видело дека ја нема невестата па отишло да го отвори прозорецот и пред него видел празнина. Погледнал подобро наоколу и видел само длабоки провалии од сите страни на палатата, и снежни планини. Сакал да го заврти прстенот но забележал дека го нема. Викнал по слугите но никој не му одговарал, дотрчале само кучето и мачето, бидејќи тој на невестата ѝ кажал само за прстенот а не за двете животни. Во почетокот не можел да разбере што се случило, потоа малку по малку почнал да сфаќа дека жена му била само една бездушна измамничка, но тоа не му било од голем ќар. Отишол да провери дали може да се спушти по планината, но вратите и прозорците излегувале право на провалијата. Во палатата имало јадење само за неколку дена и на ум му дошла страшна мисла дека ќе умре од глад.

Кога кучето и мачето го виделе толку натажен нивниот господар, му се приближиле и кучето му рекло: - Не очајувај веќе, господару, јас и мачето ќе најдеме начин како да слеземе низ карпите и штом ќе стигнеме долу, ќе го пронајдеме прстенот!

-Мили мои животинчиња! – рекло момчето- вие сте ми единствената надеж, инаку побргу би се фрлил од карпите отколку да чекам да умрам од глад.

И така, кучето и мачето тргнале, се качувале, скокале преку провалии и преминувале врвови и, накрај, успеале да се спуштат долу, во подножјето од планината. Во долината имало една река која морале да ја преминат, тогаш кучето го качило на грб мачето и препливало на другата страна. Стигнале до палатата од нечесната невеста кога веќе било стемнето и сите спиеле во длабок сон. Се провлекле полека полека низ отворот на вратата за мачки и мачето му рекло на кучето: - Сега ти остани овде да чуваш стража а јас ќе се качам горе да видам што може да се стори! Се качил по скалите, полека полека, и дошол пред вратата од собата каде што спиела измамничката, но вратата била заклучена. Додека размислувал што да направи, поминал еден глушец. Мачето го зграпчило глушецот кој бил голем и дебел. Глушецот почнал да го моли мачето да го остави жив. – Добро – рекло мачето – но ти ќе ја изглодаш вратава колку да има простор да се провлечам и да влезам внатре. Глушецот веднаш се фрлил на работа и толку глодал што забите му се истрошиле а дупката сè уште била многу тесна, така што ни глушецот не можел низ неа да помине. Тогаш мачето рекло: - Имаш ли малечки? – Како не! – рекол глушецот – имам седум или осум. – Оди брзо и донеси едно - рекло мачето- а, ако не се вратиш, ќе те најдам и ќе те изедам. Глушецот отрчал и брзо се вратил со едно глувченце.



- Слушајваму, малечко, - рекло мачето, - ако се покажеш итро ќе му го спасиш животот на татко ти. Ќе влезеш во собата на жената, ќе се качиш на кревет и ќе го извадиш прстенот што го носи на прстот.

Глувчето влегло внатре но, по некое време, се вратило целото преплашено и рекло: - Не носи никаков прстен на рака! Мачето не изгубило надеж и рекло: - Значи дека го чува в уста, влези пак, удри ја со опавчето по носот, таа ќе кивне и кивајќи ќе ја отвори устата, ќе го исфрли прстенот надвор а ти тогаш веднаш грабни го и донеси го овде!

Сè се случило онака како што рекло момчето и, за кусо време, глувчето се појавило со прстенот. Мачето го зело прстенот и со големи скокови истрчало по скалите.

- Го имаш прстенот? – прашало кучето.
- Сигурно дека го имам – одговорило мачето.

- Излегле низ вратата но, длабоко во срцето, кучето го јадела завист зошто мачето го зело прстенот. И така стигнале до реката. Кучето рекло: - Ако ми го дадеш прстенот, ќе те пренесам на другата страна! Но мачето не сакало и така почнале да се караат. И додека се карале на мачето му паднал прстенот во вода. Во водата имало една риба која го лапнала. Кучето веднаш со забите ја грабнало рибата и така сега прстенот бил кај него. Го пренел мачето на другиот крај од реката но и понатаму продолжиле да се караат и така, карајќи се, стигнале до нивниот господар.

- Го имате ли прстенот? прашал тој видно загрижен. Кучето ја пуштило рибата а рибата го испуштила прстенот но, тогаш мачето рекло: - Не е вистина дека тој го најде, јас сум тој што го најдов а кучето ми го украде. А кучето на тоа одговорило: - Но, ако не ја фатев рибата, прстенот ќе беше изгубен! Тогаш момчето почнало да ги милува и двајцата и им рекло: - Мили мои, немојте да се карате, мили сте ми и храбри двајцата!

Половина час со едната рака го милувал кучето а со другата мачето, сè додека двете животни повторно не се спријателиле како порано. Влегол со нив во палатата, го свртел прстенот и рекол: - Заповедам мојата палата да се најде долу, онаму каде што е палатата на мојата нечесна невеста, а таа пак да се најде овде каде што сум јас сега. И двете палати летнале во воздухот и си го промениле местото, неговата се спуштила долу во рамницата а онаа на измамничката на остриот врв заедно со неа внатре, која крештела како орел.

Момчето си ја довело мајка му и ѝ подарило среќна старост како што ѝ беше ветило. Кучето и мачето останале со него, постојано задевајќи се по малку, но воглавно си живееле во мир. А прстенот? Прстенот го користел понекогаш, но



не премногу бидејќи со право мислел: - Не чини човек да добива многу лесно сè што ќе посака! Жена му пак, ја нашле пцовисана од глад, сува како шајка. Навистина суров крај, но подобар и не заслужувала.



III

ТЕЛЕТО СО ЗЛАТНИ РОКЧИЊА

Се раскажува дека си биле еден маж и една жена кои си имале две дечиња, едно машко и едно женско. Жената умрела и мажот повторно се оженил. Новата жена со себе ја донела и ќерка ѝ која била слепа на едното око. Мажот бил земјоделец па еден ден отишол да работи на нечиј имот. Жената не сакала ни да ги погледне децата на кои им била маштеа затоа истиот ден таа месила леб и ги пратила децата да му го однесат на татко им, но наместо да ги прати каде што треба таа ги упатила во сосема спротивна насока, надевајќи се дека ќе се загубат. Децата стигнале до една планина и почнале да викаат по татко им : Тате! Тате! Но, се слушал само одзивот на екото. Очигледно било дека се загубиле па продолжиле уште долго да одат низ шумата така што братчето огладнело. Наишле на едно изворче и братчето веднаш сакало да се напие вода, но сестра му, која имала маѓесничка моќ, ја знаела моќта на изворите па затоа го запрашала:

„О, изворче, изворче мило,

кој од тебе вода пие,

дали после солзи лие?

А изворчето одговорил:

Кој од водата моја пие

вистинско магаренце ќе биде.“

Братчето се воздржало да не се напие и си го продолжило патот со сестричката. Наскоро наишле на уште еден извор и овој пат момчето посакало веднаш да ја згасне жедта со водата но, сестричката прашала:

„О, изворче, изворче мило,

кој од тебе вода пие,

дали после солзи лие?



А изворчето одговорило:

Кој од водата моја ќе пие

како волк ќе вие".

Братчето и овој пат не се напило и повторно си продолжиле по патот сè додека не наишле на уште еден извор и сестричката повторно запрашала:

„О, изворче, изворче мило,

кој од тебе вода пие,

дали после солзи лие?

Изворот одговорил:

„Кој од водата моја пие

мало теленце ќе биде".

Сестрата не сакала да го пушти брата си да пие, но тој бил толку жеден што не можел да издржи и рекол: „Ако треба да бирам меѓу умирање од жед и од станување теленце тогаш подобро да се претворам во теленце. И уште не трепнал а тој веќе се беше претворил во теленце со златни рокчиња. И така, сестричката го продолжила пат заедно со братот, претворен во теленце со златни рокчиња. Стигнала до една широка морска плажа каде виделе една убава куќа во која летувал кралскиот син.

Кралскиот син стоел на прозорецот токму кога поминавала убавата девојка со теленцето и ѝ рекол: - Качи се горе, кај мене! – Ќе се качам ако дозволиш со мене да дојде и теленцево!

-Зошто ти е толку важно теленцето? – прашал кралскиот син. – Приврзана сум кон него, зашто јас, со моиве раце го изгледав и не сакам ни за миг да го оставам само. Кралскиот син се вљубил во девојката и ја зел за жена и така среќно си живееле заедно со телето со златни рокчиња.

Во меѓувреме таткото се вратил дома и бидејќи не ги нашол своите дечиња, многу страдал. Еден ден, за да се оттргне од тагата, отишол да бере питом копар. Стигнал до морскиот брег и ја видел куќичката на кралскиот син. На прозорецот била неговата ќерка која го препознала татка си, а тој не ја препознал неа: - Качете се добар човеку! - рекла таа и тој влегол. –Не ме познавате? - рекла таа. - Право да ви кажам, позната сте ми од некаде но не знам од каде.

- Јас сум вашата ќерка! Тогаш силно се прегрнале и таа веднаш почнала да му раскажува дека нејзиниот брат се претвприл во теле како и дека таа се



омажила за кралскиот син. Таткото бил многу среќен кога чул дека неговата ќерка, за која мислел дека е исчезната, среќно се омажила и дека неговиот син е жив, иако многу изменет.

- А, сега, мил мој татко, испразнете ја вреќава од копарот, јас ќе ви ја наполнам со пари.

-Ох, кој знае колку ќе се радува вашата маштеа! – рекол таткото.

-А, што не ѝ речете да дојде и таа да живее овде, заедно со ќерка ѝ која е слепа на едното око?

Ттакото се согласил и се вратил дома.

-Кој ти ги даде париве? - го прашала жената, целата збрлавена кога ги видела парите кога ја отворила вреќата.

-Е, жено моја, знаеш дека ја најдов ќерка ми и дека е омажена за кралскиот син а, освен тоа, сака сите да живееме во нејзината куќа, јас, ти и твојата ќерка слепа на едно око!

Кога слушнала дека паштерката е уште жива, жената ќе се изедела од лутина, но сепак рекла: - Ох, колку убава вест! Едвај чекам да ја видам!

Додека таткото останал дома да досреди некои работи, жената и ќерката ,слепа на едното око, стигнале во куќата на кралскиот син. Тогаш тој не бил дома и маштеата кога видела дека паштерката е сама, ја грабнала и ја фрлила низ прозорецот право во морските длабочини. Потоа ја облекла ќерка ѝ во облеката наполусестрата и ѝ рекла: - Кога ќе се врати кралчето ти почни да плачеш и да викаш: Оф, леле, телето со златни рокчиња ме ослепе на едното око! И откако ја подучила што да прави се вратила дома, оставајќи ја неа сама.

Кралчето се вратило и ја затекнало како плаче. – Зошто плачеш? – ја прашал, мислејќи дека тоа е неговата жена. – Телето со рогот ми го истера окото, оф леле, леле!

Кралот веднаш свикал: - Викнете го касапот и веднаш нека го заколе телето! Телето, кога ги слушнало тие зборови се наведнало над прозорецот кој гледал на морето и рекло:

- Оф, сестро мила, сестро моја

гибел овде тие ми кројат,

од крвта моја да се гојат.

А од морето се слушнал глас:



- Солза твоја лееш пуста

на ајкулата сум ѝ в уста!

Касапот, кога ги чул тие зборови, немал храброст да го заколе телето па отишол сè да му раскаже на кралот:

- Височество, дојдете да слушнете што вели теленцето!

Кралскиот син се приближил до теленцето и го слушнал како вели:

- Оф, сестро мила, сестро моја

гибел овде тие ми кројат,

од крвта моја да се гојат.

А од морето се слушнал глас:

- Солза твоја лееш пуста

на ајкулата сум ѝ в уста!

Кралот веднаш викнал двајца морнари и им заповедал да одат да ја уловат ајкулата. Кога ја донеле ајкулата ѝ ја отвориле устата и однатре излегла, жива и здрава, невестата на кралчето. А пак маштеата и нејзината ќерка, слепа на едното око, ги фрлиле в зандана. За теленцето викнале една самовила која го претворила во убаво момче, бидејќи во меѓувреме тој пораснал.



ОВЧАРЧЕТО ШТО ПРЕСТАНАЛО ДА РАСТЕ

Си било еднаш едно овчарче, малечко и многу инаетливо. Еден ден, додека ги терало овците на пасиште, видело како поминува една пилиштарка со корпа јајца на главата. Овчарчето фрлило камен во корпата и ги искршило сите јајца. Кутрата женичка многу се налутила и му свикала: - Да даде Господ да не можеш повеќе да растеш, сѐ додека не ја најдеш убавата Баргаљина од трите јаболка што пеат.

Од тој момент овчарчето почнала да слабее и станало како суварка, и колку мајка му повеќе го негувала, толку тоа станувало сѐ послабо. Најпосле мајка му го запрашала: - Кажи ми синко, што ти се случило, да не ти фрлил некој клетва!? И тој ѝ раскажал за лошотилокот што ѝ го направил на пилиштарката е дека таа му рекла : Да даде Господ да не можеш повеќе да растеш, сѐ додека не ја најдеш убавата Баргаљина од трите јаболка што пеат.

-А, значи така – му рекла мајка му, тогаш друг лек нема освен да заминеш и да ја бараш убавата Баргаљина.

Овчарот тргнал на пат и стигнал до еден мост каде сретнал една женичка која се лулкала во ореова лушпа: - Кој поминува тука? – Пријатели! – Крени ми ги малку капациве од очите да видам кој си ти! – Ја барам убавата Баргаљина од трите јаболка што пеат, си слушнала ли за неа? - Земи го каменов, ќе ти се најде! Овчарот потоа поминувал преку втор мост и таму видел друга женичка која се капела во лушпа од јајце. – Кој поминува? – Пријатели! - Крени ми ги малку капациве од очите да видам кој си ти! – Јас сум еден што ја бара убавата Баргаљина од трите јаболка што пеат, си слушнала ли за неа? – Не, не, но земи го чешелов од слонова коска, ќе ти се најде! Овчарот си го ставил в џеб и си продожил по патот. Потоа морал да премине и преку трет мост каде имало еден човек што собирал магла па така и него го запрашал за убавата Баргаљина. Човекот му рекол дека не знае ништо, но му дал магла колку за во еден џеб, велејќи му дека ќе му се најде. Одејќи по патот, наишол на една воденица а воденичарот бил една лисица која знаела да зборува. И лисицата му рекла: - Да, знам за убавата Баргаљина, но тешко ќе ја најдеш! Но, ти оди право по патот сѐ додека не наидеш на една куќа со отворена врата, влези внтаре, ќе видиш еден кристален кафез со многу ѕвончиња, а внатре во кафезот се наоѓаат ѕвончињата



што пеат. Земи го кафезот, но внимавај, има една баба што спие се отворени очи, ако пак ѝ се затворени значи дека е будна.

Овчарот отишол во куќата на старицата и видел дека ѝ се затворени очите па се сетил дека е будна. – Драго момченце, - рекла старицата – види дали имам вошки во главата! И додека овчарот ја чистел бабата од вошки, таа ги отворила очите и тој сфатил дека заспала. Тогаш тој го грабнал кристалниот кафез и побегнал. Но, ѕвончињата од кафезот заѕвониле, старицата веднаш се разбудила и испратила по него сто коњи. Овчарот, гледајќи дека коњите ќе го стигнат, го фрлил камчето што го имал в џеб. Камчето се претворило во планина, полна со карпи и провалии, така што коњите си ги испокршиле нозете. Јавачите пак на коњите морале да се вратат кај бабата. Таа тогаш испратила двеста коњи. Кога овчарот видел дека ќе го стигнат, го фрлил чешелот од слонова коска и тој се претворил во лизгава планина, тогаш коњите се лизнале со копитата и сите се испотепале. Старата тогаш пратила триста коњи, но овчарот овој пат ја фрлил зад него маглата, тогаш сѐ се стемнило и коњите се загубиле. Во меѓувреме овчарот ожеднел и, немајќи ништо за пиење, си зел едно јаболко и го пресекол. Наеднаш слушнал гласче кое велелео: - Полека сечи ме, инаку ќе ме боли! Овчарот почнал да сече полека, ја изел едната половина, а другата си ја ставил в џеб. Потоа стигнал до еден бунар, во близина на неговата куќа, ја ставил раката в џеб за да ја изеде другата половина од јаболкото кога, за чудо, внатре нашол едно малечко девојче. – Јас сум убавата Баргаљина – рекла – и гладна сум, ми се јаде погача. Оди, донеси ми една, инаку ќе умрам од глад! Бунарот бил еден од оние затворени бунари со решетки на средина, и овчарот ја ставил девојката на решетката и ѝ рекол да почека за да ѝ донесе погача. На бунарот доаѓала да полни вода една слугинка која ја викале лошата робинка. Дошла лошата робинка и кога ја видела убавата девојка на решетката од бунарот, рекла: - Ти си толку малечка а сепак многу убава, јас пак олку голема, зошто да бидам грда? Толку се разлутила што ја фрлила во бунарот.

Кога се вратил овчарот, не наоѓајќи ја убавата Баргаљина западнал во очај. Мајката на овчарот полнела вода од бунарот и, еден ден, во кофата нашла риба. Ја однесла дома и ја испржила. Ја изела и коските ги фрлила низ прозорец. Таму каде што паднале коските, изникнало дрво кое станало толку големо што не пропуштало светлина во куќата. Тогаш овчарот го пресекол и исецкал многу ситни дрва за горење и ги однесол дома. Во меѓувреме мајка му умрела и тој живеел сам и станувал сѐ послаб и посув. Секој ден одел на пасиште и навечер се враќал дома. Но, еден ден, не можел да се изначуди кога ги нашол чисти сите чинии и тенџерињашто утрото ги беше оставил извалкани, и не можел ни да претпостави кој можел да го стори тоа. Наредниот ден се скрил зад вратата за да види кој доаѓа дома и, за живо чудо, видел една убава девојка, малечка, малечка која излегувала од купот дрва и му ги миела чиниите, тенџерињата,



лажиците, го метела подот, а потоа си земала една погача и си јадела. Овчарот излегол и рекол: - Која си ти? Како си влегла внатре? – Јас сум убавата Баргаљина, - одговорила девојката - онаа што ти ја најде во џебот наместо половината јаболко. Грдата робинка ме фрли во бунарот и така се претворив во риба, потоа од рибината коска што ја фрливте низ прозорец се претворив во семе од дрво а потоа во дрвото кое растеше и растеше, потоа во дрвца за горење, пресечени надве, и секој ден кога те немаше се претворав во убавата Баргаљина. Откако ја пронашол убавата Баргаљина, овчарчето почнало да расте а заедно со него растела и убавата Баргаљина. Овчарот станал убаво момче и се оженил за убавата Баргаљина.

„Зготвија свечен ручек,

под маса коска ми фрлија и по нос ме удрија

и коската на нос ми остана.“



V

ДЕВОЈЧЕТО ПРОДАДЕНО ЗАЕДНО СО КРУШИТЕ

Еднаш еден човек си имал круша која раѓала по четири кошници круши годишно. Арно ама се случило една година да роди само три и пол кошници круши, а на кралот морал да му однесе четири кошници. Не знаејќи како да ја наполни четвртата кошница, ја ставил внатре најмалата си ќерка и ја покрил со круши и лисја.

Кошниците биле однесени во кралската остава и девојчето се стркалало заедно со крушите и се скрило. Останало таму и, немајќи што друго да јаде, глодало само од крушите. По некое време слугите забележале дека крушите се намалуваат а нашле и остатоци од изедени круши па си рекле: - Мора да е некој глушец или кртица што ги јаде крушите, треба да провериме! И така пребарувајќи низ рогозините, го нашле девојчето. – Што правиш ти овде?- ѝ рекле – Ајде со нас, ќе служиш во кралската кујна! Бидејќи не ѝ го знаеле името, ја нарекле Крувче. А Крувче била толку паметна и вредна што за кратко време научила да работи подобро и од кралските слугинки, а била и толку мила што сите ја засакале. Дури и кралскиот син, кој бил на нејзина возраст, поминувал многу време со неа и меѓу нив се родила голема симпатија. Како што растело девојчето така растела завидливоста кај слугинките. Отпрво молчеле, а потоа почнале да ѝ наштетуваат. Така, почнале да зборуваат дека Крувче божем се фалела дека може да го украде богатството од вештиците. Гласот стигнал до ушите на кралот, кој ја викнал и ѝ рекол: - Навистина ли си се фалела дека можеш да го земеш богатството од вештиците? Крувче одговорила: - Не е вистина, Ваша светост, јас ништо не знам за тоа! Но кралот пак си продолжил по неговото: - Си го рекла тоа и дадениот збор мораш да го исполниш! – и ја избркал од дворецот, не смеела да се врати сѐ додека не го донела богатството од вештиците. Крувче тргнала да го бара богатството, и одела и одела, сѐ додека не се стемнило. Наишла на една јаболкница, но не застанала. Потоа наишла на праскoво дрво но и овој пат не застанала. Кога го видела крушовото дрво, се качила на гранките и таму заспала. Утрината под дрвото имало една старичка која ја запрашала: - Што правиш горе, ќерко? И Крувче ѝ раскажала за маката што ја снашла. Старичката ѝ рекла: - Земи ги овие три ливри маст, три ливри леб и три ливри просо и немој да се секираш! Крувче многу ѝ се заблагодарила и си го продолжила патот. Стигнала до едно место каде што имало фурна, а до фурната три жени кои морале да си ја кубат косата за да ја метат фурната. Крувче им ги дала трите ливри просо и



тие почнале со просото да ја метат фурната и ја пуштиле Крувче да помине. Одела, одела и стигнала до едно место каде што имало три кучиња чувари, кои лаеле и им се нафрлале на луѓето. Крувче им ги фрлила трите ливри леб и кучињата ја пуштиле да помине. Повторно одела, одела и стигнала до една река во која течела вода, црвена како крв. Крувче не сакала да ја премине, но се сетила на советот на старичката која ѝ рекла да ѝ каже на водата:

„Водичке, убава водичке,

кога не би брзала

би пивнала од тебе лонче вода."

На тие зборови водата се повлекла и ја пуштила да помине. На другата страна на реката, Крувче го видела еден од најубавите и најголеми дворци на светот, но вратата се отворала и затворала толку брзо што никој не можел да помине. Тогаш Крувче ги намачкала шарките со трите ливри маст и вратата почнала полека да се отвора и затвора. Кога влегла во дворецот, го видела ковчегот со богатството на една масичка, го зела и тргнала да си оди, но тогаш ковчегот почнал да зборува: - Врато, убиј ја, врато, убиј ја! А вратата одговорила: - Е, нема да ја убијам, толку време не бев подмачкана и токму таа ме подмачка. Крувче стигнала до реката и ковчегот пак рекол: - Реко, удави ја! Реко, удави ја! А реката одгвоорила: - Е, нема да ја удавам, таа ми рече „Водичке, убава водичке". Стигнала до кучињата, а ковчегот пак почнал да зборува: - Кучиња, изедете ја, изедете ја! А кучињата одговориле: - Е, нема да ја изедеме, таа нѝ даде три ливри леб. Поминале покрај фурната: - Фурно, изгори ја, фурно, изгори ја! А жените одговориле: - Е нема да ја изгориме, таа нѝ даде три ливри просо, така ќе си ги зачуваме косите! Штом се приближила до куќата, Крувче, љубопитна како и сите девојчиња, сакала да види што има во ковчежето. Го отворила и однатре побегнала една квачка со златни пилиња. Скокале толку брзо што не можела да ги стигне. Крувче почнала да трче по нив. Поминала покрај јаболкницата, и таму не ги нашла, поминала покрај праскавото дрво и таму не биле. Кога поминале покрај крушовото дрво таму била старичката со стапче во раката и ја пасела квачката со златните пилиеа. – Иш, иш! – свикала старичката и квачката со златните пилиња се вратила во ковчежето.

Враќајќи се дома, Крувче го сретнала кралскиот син, кој ѝ рекол: - Кога татко ми ќе те праша што сакаш како награда, ти речи му „онаа кутија полна со ќумур в подрум". На прагот од кралскиот дворец стоеле слугинките, кралот и сите дворјани и Крувче му го дала на кралот ковчегот со квачката и златните пилиња. – Побарај што сакаш, тоа ќе ти го дадам! – рекол кралот. А Крувче одговорила: - Кутијата со ќумур што е во подрумот! Ѝ ја дале кутијата со ќумур, таа ја отворила и однатре излегол кралскиот син кој се беше скрил внатре. Тогаш кралот се сложил Крувче да се омажи за неговиот син.



VI

МАГДОНОСКА

Си биле еднаш маж и жена кои си живееле во една убава куќичка. Куќичката имала еден прозорец кој гледал кон градината на самовилите. Жената чекала дете и ѝ се пријало магданос. Еден ден, кога го отворила прозорецот, видела полно магданос во градината на самовилите. Почекала да излезат самовилите, зела една скала и се спуштила во градината. Откако убаво ќе се изнајадела од магдоносот, се враќала назад и го затворала прозорецот. Јади денес, јади утре, еден ден самовилите, шетајќи се во градината, забележале дека им го снемало речиси целиот магданос. – Знаете што ќе сториме? – рекла една од самовилите – ќе се преправаме дека сите сме излегле, но една од нас ќе остане скриена, така ќе видиме кој нѝ го краде магдоносот. И само што трудната жена слегла во градината, самовилата истрчала надвор. – А, крадливке една, најпосле те фатив! – Простете ми, ве молам, - рекла жената – многу ми се јаде магданос бидејќи сум трудна, ќе родам дете. – Ќе ти простиме, - рекла самовилата – но ако родиш машко ќе го крстиш Магдоноско а, ако имаш ќерка, ќе ја крстиш Магдоноска. Но, една работа да запаметиш, штом ќе порасне синот или ќерката, ќе го земеме кај нас. Жената се расплакала и се вратила дома. Мажот кога дознал за договорот со самовилите, побеснел од лутина и викнал: - Ах, ти, жено ненаситна!

Се родило девојче и ја крстиле Магдоноска. Поминало време и родителите заборавиле на договорот со самовилите. Кога Магдоноска пораснала, почнала да оди на училиште и секогаш кога се враќала дома ја пресретнувале самовилите кои ѝ велеле: - Момиченце, кажи ѝ на мајка ти да се потсети на ветувањето што нѝ го даде. Кога Магдоноска ѝ кажала на мајка си, таа почуствувала грутка во срцето и ништо не одговорила. Еден ден мајката била расеана и кога Магдоноска се вратила од училиште и ѝ рекла: - Самовилите велат да се потсетиш на ветувањето – ѝ одговорила – Ах, да, речи им нека си ја земат! Следниот ден девојчето отишло на училиште. – Се сети ли мајка ти? – запрашале. – Рече да си го земете тоа што ви го должи! Самовилите не чекале да им се каже два пати, ја грабнале Магданоска и фатиле магла. Мајката, кога видела дека Магданоска уште не се вратила од училиште, многу се загрижила. Наеднаш се сетила на зборовите и почнала да лелека: - Кутрата јас, сега нема враќање! Самовилите ја однеле Магданоска во нивната куќа и ѝ покажале една како гламна црна соба, каде што го чувале јагленот, и ѝ рекле: - Магданоске, ја гледаш ли собава? Вечерва кога



ќе се вратиме да биде како снег обелена и насликана со сите небесни птици, инаку ќе те изедеме! Си отишле и ја оставиле Магданоска очајна и расплакана. Во еден момент слушнала како некој тропа на вратата. Магдоноска отишла да отвори, сигурна дека се вратиле самовилите и дека ѝ се ближи крајот. Но, наместо нив, влегол Меме, братучедот на самовилите. – Што ти е, зошто плачеш, Магдоноске? – рекол. – И вие би плачеле, - рекла Магдоноска, да треба да ја обелите собава и да ја насликате со сите небесни слики, пред да се вратат самовилите и ако ви се заканат дека ќе ве изедат ако не сте ја завршиле работата.

-Ако ме бакнеш, јас целата работа ќе ја завршам. – Подобро од самовилите да бидам бакната, отколку од машко бакната! – Твојот одговор беше толку симпатичен – рекол Меме – што сепак ќе ти помогнам! Замавнал со волшебното стапче и собата станала бела и насликана со птици токму како што рекле самовилите. Меме си отишол и, кога се вратиле самовилите, рекле: - Па, Магданоске, дали ја зварши работата што ти ја дадовме? – Да, дојдете да видите! Самовилите се погледнале меѓу себе и ѝ рекле: - Кажи ја вистината, Магдоноске, сигурно нашиот братучед Меме ти помогнал, признај! – Не го видов ни братучед ви Меме, ни милата ми мајка што ме роди! Другиот ден самовилите повторно се собрале да се договорат: - Имате ли нешто на ум, како да ја изедеме?

- Магдоноске! – Заповедајте! – Утре рано наутро ќе одиш кај самовилата Фатаморгана и ќе ѝ речеш да ти ја даде кутијата од убавиот шегаџија. – Ќе сторам како што заповедате! – одговорила Магдоноска и наредното утро тргнала на пат. Одела, одела, одела и го сретнала Меме, братучедот на самовилите кој ја запрашал: - Каде одиш? – Кај Фатаморгана, да ја земам кутијата од убавиот шегаџија! – Ама зарем не знаеш дека таа ќе те изеде? – Подобро за мене, така барем побрзо ќе ме докрајчи! Меме ѝ рекол: - Земи ги овие овие две лончиња со маст, ќе наидеш на една врата што чкрипи, подмачкај ја и таа ќе те пушти да влезеш. Потоа земи ги овие два леба, ќе наидеш на две кучиња кои се касаат едно со друго, фрли им ги лебовите и ќе те пуштат. Земи ги, исто така, конецов и шилово, ќе наидеш на еден чевлар кој, за да ги сошие кондурите, си ги корне брадата и косата, дај му ги овие работи и ќе те пушти да поминеш! Потоа земи ги и метливе, ќе сретнеш една фурнаџика која со раце ја мете фурната, дај ѝ ги и ќе те пушти да поминеш! Само внимавај, ќе треба да побрзаш! Магданоска ги зела маста, лепчињата, конецот, шилото и метлите и им ги дала на вратата, на кучињата, на чевларот, на фурнаџиката и сите ѝ се заблагодариле. Стигнала до дворецот на Фатаморгана и тропнала на портата. – Чекај, момиченце, чекај малку! – рекла Фатаморгана. Но, Магданоска знаела дека мора да побрза, скокала и по две скалила, ја видела кутијата од убавиот шегаџија, ја грабнала и побегнала. Фатаморгана, гледајќи ја како бега, застанала на прозорец и викнала: - Еј, ти, фурнаџике, што фурната со раце ја чистиш, запри го девојчето! – Не сум будала, толку години како се мачам, а сега таа ми даде метла за да ја чистам



фурнава! – Еј, чевлару, ти што шиеш чевли со брадата и со косата, запри го девојчено! – Не сум будала, по толку години како се мачам, таа ми даде шило и конец! – Еј, вие кучиња што постојано меѓусебно се касате, запрете го девојчето! – Не сме будали, на секое од нас нѝ даде по еден леб! – Врато што тропаш, запри го девојчето! – Не сум будала, та нели целата убаво ме подмачка! И така Магданоска се спасила. Штом се нашла на сигурно, си рекла: - Ај да видам што има во кутијава? Толку била љубопитна што не можела да издржи а да не ја отвори кутијата. Од кутијата наеднаш излегла цела колона мали човечиња кои оделе напред следејќи го звукот на музиката на музикантите кои биле на чело на колоната од човечиња. Магдоноска сакала да ги врати во кутијата но ако фателa едно човече десетина ќе ѝ побегнеле. Почнала да липа и токму во тој момент наишол Меме: - Чепкало едно љубопитно, виде ли сега што стори? – Ох, сакав само да видам... – Сега нема лек но, ако ме бакнеш, јас ќе го најдам лекот!

Магдоноска на тоа одговорила: - Подобро од самовилите да бидам лапната отколку од машко бакната!

-Тоа толку мило го кажавте што јас сепак ќе ви помогнам. Замавнал со волшебното стапче и сите човечиња се вратиле во кутијата на убавиот шегаџија. Самовилите, кога ја слушнале Магдоноска како тропа на вратата, се зачудиле: - Како не ја изела Фатаморгана? – Добар ден! – рекла Магодоноска – Еве ја кутијата. – Ааа, браво, браво. И, што ти рече Фатаморгана? – Ми рече многу да ве поздравам! – Е, сега нѝ е јасно – си рекле меѓу себе самовилите, тогаш ние ќе ја изедеме! Вечерта кај нив дошол Меме. – Знаеш Меме, - му рекле самовилите- Фатаморгана не ја изела Магдоноска, па мораме ние тоа да го сториме! – Па, добро де, изедете ја! - Утре, откако ќе ги посврши сите работи низ дома, ќе ја натераме да стави котел на огнот и тоа од оние големите, за перење. Кога ќе зоврие водата, ќе ја фатиме и ќе ја фрлиме внатре! – Убаво ви текнало – рекол тој. Кога излегле самовилите, Меме отишол кај Магдоноска. – Слашај ваму, Магдоноске, сакаат да те фрлат во котелот кога ќе зоврие водата, но ти речи дека треба да одиш в подрум по дрва. Потоа ќе дојдам и јас! И така, самовилите ѝ рекле на Магдоноска дека треба нешто да испере и затоа да го стави котелот на оган. Таа го запалила огнот и рекла: - Дрвата се веќе при крај! – Оди в подрум и донеси дрва! Магдоноска слегла во подрумот и слушнала глас: - Јас сум овде, Магдоноске! Тоа бил Меме кој ја фатил за рака и ја однел на едно место во подрумот каде што голреле неколку свеќи. – Ова се душите на самовилите. Дувај! Почнале да дуваат и при секое гаснење на свеќата умирала по една самовила. Останала само најголемата свеќа. – Ова е душата на Фатаморгана! Почнале да дуваат заедно сѐ додека не ја угаснале. И така двајцата станале господари на сѐ. – Е, сега ќе ми бидеш невеста! – рекол Меме и најпосле го бакнала. Отишле во дворецот на Фатаморгана и чевларот го направиле војвода, фурнаџиката



маркиза, кучињата ги чувале покрај себе, во дворецот, а вратата ја оставиле каде што била и се труделе секогаш да биде подмачкана на време.

„Така си живееа и уживаа,

секогаш во мир останаа

а мене ништо не ми дадоа!



VII

КОШУЛАТА НА СРЕЌНИОТ ЧОВЕК

Во старо време си живеел некој крал кој имал син единец и го сакал како виделината на своите очи. Но принцот никогаш не бил од ништо задоволен. Минувал цели денови потпрен на прозорец и гледал во далечината. – Ти недостасува ли нешто овде, синко? – го прашувал кралот - Што ти е? - Не знам, тако мил, и самиот не знам. - Да не си вљубен? Ако сакаш некоја девојка, кажи ми и ќе те оженам за неа, било да е ќерка на најмоќниот крал на земјата било да најсиромашна селанка! – Не, татко, не сум вљубен! Кралот се обидел на сите начини да го разоноди, театри, балови, музика, песни, но ништо не помагало а од лицето на принцот полека полека исчезнувало руменилото. Кралот ги повикал најучените луѓе од сите страни на светот. Тие се повлекле да размислат и потоа се вратиле кај кралот. – Височество, убаво размисливме и гатавме во ѕвездите и еве што заклучивме дека треба да направите. Побарајте некој човек што е задоволен, но од сè задоволен и сменете ја кошулата на вашиот син со неговата.

Уште истиот ден кралот пратил свои луѓе низ целиот свет да го бараат среќниот човек. Му довеле еден свештеник: - Задоволен ли си од животот? Среќен ли си? – го запрашал кралот. – Јас? Да, височество! – Добро, тогаш, ќе ти биде ли мило да бидеш поп во моја служба? – О, се разбира, Височество! – Марш, да те нема оттука! Надвор! Јас барам среќен човек и задоволен од она што го има, а не некој што сака да му е подобро. И така кралот чекал да се појави некој друг што мисли дека е среќен човек. Имало некој крал, негов сосед, така му рекле, кој бил навистина среќен и задоволен, имал жена убава и добра, куп деца, сите непријатели ги победил во војните, а земјата живеела во мир. Нашиов крал, полн со надеж, испратил свои луѓе да му ја побараат кошулата. Кралот сосед ги примил пратениците и им рекол: - Да, да, ништо не ми недостасува, само жално е што мора да се умре и сè така да се остави. Таа мисла мир не ми дава така што и ноќе не можам да спијам. Кралските пратеници си помислиле дека е најдобро веднаш да се вратат.

За малку да се разведри од големата мака, кралот отишол на лов. Пукнал во еден зајак и мислел дека го убил, но зајакот куцкајќи побегнал. Кралот тргнал по него и се оддалечил од придружбата. Среде полјаните слушнал како некој човек си пее. Кралот застанал и си рекол: - Оној што пее вака не може да не е задоволен! И, следејќи го пеењето влегол во едно лозје и, меѓу редовите лози, здогледал едно момче што пеело, режејќи ги лозовите гранки.



-Добро утро, Височество, - рекло момчето – што толку рано в поле? - Благословено да си момче, ќе сакаш ли да дојдеш со мене во градот? Ќе ми бидеш пријател! – Аман, Височество, воопшто не ми паѓа на памет тоа да го направам, многу Ви благодарам но ни со папата не би се заменил!

-Зошто не, така убаво момче... – Ама, навистина не сакам, кога ви велам! Мене ми е овде убаво и точка!

-Најпосле еден среќен човек!, си помислил кралот. – Момче, слушај ваму, ќе ми направиш ли една услуга! – Ако можам, од сè срце, Височество! – Почекај малку, - и кралот, само што не полетал од преголема радост, отрчал да ги викне неговите придружници: - Дојдете ваму, веднаш да сте дошле! Син ми Ќе се спаси! Син ми ќе се спаси! И ги одвел кај момчето. – Благословено да си момче, - рекол – ќе ти дадам сè што сакаш само дај ми ја, дај ми ја... – А што тоа, Височество? – Син ми е на умирање! Само ти можеш да го спасиш. Дојди овде, застани! – го зграпчил и почнал да му го откопчува палтото. Во еден миг застанал, ги спуштил рацете... Среќниот човек нема кошула.



VIII

ДВОРЕЦОТ НА МАЈМУНИТЕ

Си бил еднаш еден крал кој имал два сина близнаци: Џовани и Антонио. Бидејќи не се знаело кој прв се родил, а на Дворот постоеле спротивставени мислења, кралот се двоумел кој од нив да стане престолонаследник и, еден ден, рекол: - За да не бидам неправеден кон ниеден од вас, одете низ светот да си најдете жена и онаа невеста која ќе ми направи најубав и најредок подарок, нејзиниот маж ќе ја наследи круната.

Близнаците се качиле на коњи и ги збоднале на различни страни. По два дена, Џовани пристигнал во некој голем град. Се запознал со ќерката на некој маркиз и сè ѝ раскажал за подарокот. Таа му дала една запечатена кутија, да му ја однесе како подарок на кралот и потоа направиле свечена свршувачка. Кралот ја зел кутијата без да ја отвори, чекајќи го подарокот од невестата на Антонио.

Антонио пак јавал и јавал и никако да наиде на град. Се нашол среде една густа и непроодна шума, која изгледала како да нема крај, така што самиот морал да си го расчистува патот сечејќи ги гранките со мечот. Наеднаш излегол на една чистинка а на другиот крај на чистинката се издигал еден дворец, целиот во мермер, со блескави стаклени прозорци. Антонио тропнал на вратата и замислете си кој му ја отворил. Еден мајмун и тоа мајмун во ливреа на главен дворјанин кој му се поклонил и го поканил да влезе со гест на раката. Два други мајмуна му помогнале да слезе од коњот, го фатиле коњот за уздата и го однеле во коњушницата. Антонио влегол во дворецот и се качил по една мермерна скала покриена со килим, а на оградата од скалата седеле како начичкани мајмуни кои молчешкум му оддавале почит.

Антонио влегол во една сала каде што имало подготвена маса за играње карти. Еден мајмун го понудил да седне, другите мајмуни седнале од страна и Антонио почнал да игра карти со мајмуните. Едно време со знаци го прашале дали сака да јаде. Го однеле во трпезаријата, го поканиле да седне на масата наместена за гозба, каде послужувале мајмуни со престилки, а сите поканети гости биле мајмуни со капи од пердуви. Потоа со факел го придружиле до спалната и го оставиле да спие.

Антонио, и покрај тоа што бил збунет и вознемирен, толку бил уморен што веднаш заспал но, од тој мир, наеднаш го разбудил некој глас од темницат кој викал: „Антонио!!!



- Кој ме вика? – рекол тој, целиот собирајќи се од страв во постелата.
- Антонио, што те натера да дојдеш дури довде?
- Барав невеста која би му направила на мојот татко, крал, поубав подарок од оној на невестата на брат ми Џовани, за да можам јас да го наследам престолот.
- Ако се согласиш да се ожениш со мене, Антонио, ти ќе имаш најубав подарок и ќе ја добиеш круната.
- Добро, тогаш, ајде да се земеме! – рекол тивко.
- Добро, утре испрати му писмо на татко ти!

Утредента, Антонио, му напишал писмо на татко му дека е добар и дека ќе се врати со невеста. Му го дал писмото на еден мајмун кој, скокајќи од дрво на дрво, стигнал во кралскиот град. Кралот, иако изненаден од необичниот гласник, многу бил задоволен од добрите вести и го сместил мајмунот во палатата.

Наредната ноќ Антонио повторно го разбудил истиот глас во темницата: - Антонио! Сè уште си со истата намера? А овој одговорил : - Секако дека сум!

Гласот тогаш рекол: - Добро, тогаш испрати му уште едно писмо на татко ти!

И следното утро Антонио му напишал писмо на татко си дека е добар и го испратил писмото по еден мајмун. Кралот го задржал и тој мајмун во палатата. Така, секоја ноќ, гласот го прашувал Антонио дали случајно не го сменил мислењето и му велел да му пишува писма на татко му и, секој ден, по еден мајмун одел со писмо кај кралот. Тоа траело еден месец и кралскииот град веќе се наполнил со мајмуни: мајмуни на дрвата, мајмуни на покривите, мајмуни на спомениците. Чевларите ковале шајки со мајмуни на грбот кои смешно ги имитирале, хирурзите оперирале со мајмуни кои им ги крaделе скалпелите и конците за шиење на пациентите, дамите оделе на прошетка со мајмуни седнати на чадорчињата. Кралот веќе не знал што да прави.

Отако изминал цел месец, гласот во темницата најпосле рекол: - Утре ќе одиме заедно кај кралот и ќе се венчаме.

Утрото, Антонио излегол надвор и пред вратата видел прекрасна кочија со еден мајмун кочијаш, качен напред на седиштето и двајца мајмуни лакеи качени позади. А, во кочијата, врз кадифени перничиња, со скапоцен накит, со украс од ноеви пердуви на главата, можете ли да си замислете кој седеше? Една мајмунка. Антонио седнал до неа и кочијата тргнала. Кога стигнале во кралскиот град, народот ѝ правел место да помине на таа дотогаш невидена кочија и сите занемеле од чудо кога виделе дека принцот Антонио зел мајмунка за невеста. И сите гледале во кралот, кој го чекал синот на скалите од палатата, за да му го видат изразот на лицето.



Кралот не случајно бил крал, тој ни со око не трепнал како женењето со мајмунка да е најприродно нешто на светот. Само му рекол на синот: - Си ја одбрал, мораш да се ожениш за неа! Кралски збор си е кралски збор ,- и од рацете на мајмунката зел една запечатена кутија слична на онаа од јатрвата. Кутиите требало да се отворат на денот на свадбата. Мајмунката била придружена до собата и таа замолила да ја остават сама. Следниот ден Антонио отишол по невестата. Влегол во собата а мајмунката пред огледалото го пробувала невестинскиот фустан и рекла: - Ај, види дали ти се допаѓам ваква? – и така велејќи се свртела кон него. Антонио занемел од изненадување, мајмунката се беше претворила во прекрасна русокоса девојка, висока и витка, да ти е мерак да ја гледаш. Тој си ги триел очите, бидејќи не можел да поверува, но таа рекла: - Да, јас сум вашата невеста! И двајцата се фрлиле во прегратка.

Пред палатата имало преполно народ дојден да го види принцот Антонио како се жени за мајмунка, но кога виделе дека тој се појавува со едно прекрасно суштество под рака, останале со отворена уста од чудење.

Долж патот биле наредени сите мајмуни, едни на гранките, други на покривите и пред прозорците. Кога поминувала кралската двојка секој мајмун се вртел околу себе и се преобразувал, кој во дама со вел, кој со витез со перика и меч, кој во селанец, кој во дворски шут и, сите тие, ја придружувале кралската двојка на венчавањето.

Кралот ги отворил подарените кутии. Прво ја отворил кутијата од невестата на Џовани и внатре имало една жива птичка која летала и било право чудо како можела да остане затворена толку време. Птичката имала орев во клунот а во оревот кудела од златна волна.

Кралот ја отворил и кутијата од невестата на Антонио каде имало жива птичка, птичката имала гуштер во клунот, за кој не можело да се сфати како може така да стои, а гуштерот пак имал лешник во устата во кој имало свиткан навезен тул, сто педи долг. Кога кралот се подготвувал да го прогласи Антонио за победник и наследник на престолот додека Џовани бил намуртен и незадоволен, тогаш невестата на Антонио рекла: - Антонио нема потреба од кралството на татко му, бидејќи веќе има кралство кое јас му го носам во чеиз и кое тој, со тоа што се ожени со мене, го ослободи од магијата која сите нас нè претвори во мајмуни! И целиот мајмунски народ, веќе преобразен во човечки суштества, го прогласил Антонио за нивни крал. Џовани го наследил кралството на татко му и сите живееле среќно и во слога.

„Така седеа и уживаа

а мене ништо не ми потфрлија"



IX

ЏИРИКОКОЛА

Еден трговец си имал три ќерки и, еден ден, пред да замине на пат, им рекол: - Пред да заминам, сакам нешто да ви подарам. Кажете ми каков подарок сакате? Девојките побарале злато, сребро и свила. Татко им им ја исполнил желбата. Најмалата сестра, која се викала Џирикокола, била најубава од сите и сестрите многу ѝ завидувале. После ручекот сестрите седнале да ткаат покрај прозорецот: најстарата ги зела златните конци, втората сребрените а свилените конци ѝ ги дале на Џирикокола. Се стемнило и на небото поминувала Месечината: погледнала низ прозорецот и рекла: Онаа со златни конци е убава, онаа со сребрените е уште поубава, но онаа со свилените е најубава од сите. Добро ноќ на убавите и на грдите! Позеленети од завист, сестрите решиле да ги заменат конците. Утредента на Џирикокола ѝ ги дале сребрените конци. Вечерта поминала Месечината и рекла: - Онаа со златни конци е убава, онаа со свилените е уште поубава, но онаа со сребрените е најубава од сите. Добро ноќ на убавите и на грдите! Сестрите, полни со гнев, наредната вечер ѝ ги дале на Џирикокола златните конци. Но Месечината само што поминала, рекла: - Онаа што ткае со сребрени конци е убава, онаа со свилени е уште поубава, но онаа со златните конци е најубава од сите. Добро ноќ на убавите и на грдите! Разулавените завидливи сестри ја грабнале Џирикокола и ја затвориле во амбарот. Но Месечината ја фатила за раце и ја однела со себе. Сестрите тогаш запрашале една маѓесничка каде е нивната сестра. – Таа е во домот на Месечината и никогаш не ѝ било подобро. – Но, како да ја убиеме? – прашале сестрите. Препуштете ми го тоа мене! – рекла жената и отишла под прозорците на Месечината, викајќи на глас дека продава убави шноли за коса. Џирикокола се појавила на прозорецот и маѓесничката ѝ понудила неколку шноли. Девојката, не го послушала советот на Месечината, ја пуштила маѓесничката да ѝ ја стави шнолата во косата и веднаш се претворила во статуа. Кога Месечината се вратила дома, ја видела Џирикокола претворена во статуа и рекла: - Ете, нели ти реков никому да не отвораш. Сега не знам што да правам со тебе, па, може да те продадам. Статуата ја купил еден оџачар кој одел низ градот со убавата статуа врзана за магарето сè додека не ја видел кралскиот син кој силно се вљубил во неа. Ја однел во неговата соба и минувал часови и часови гледајќи ја. Но, сестрите на Џирикокола сакале да ѝ ја земат шнолата и така влегле во собата и ја извадиле шнолата од косата. Веднаш штом ја извадиле, Џирикокола оживеала.



Кралскиот син ја однел кај неговите родители, претставувајќи им ја како негова жена и веднаш направиле голема свадба. Кога чуле за тоа, сестрите на Џирикокола во истиот момент умреле од завист.

Подарок на Сара

од баба Радица и дедо Звонко

Превод на приказните: РАДИЦА НИКОДИНОВСКА

